4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9
3. I. 1990

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 27 декември 1989
Скопје
Број 45 Год. XLV

Претплатата за 1989 година изнесува 700.000 динари. Овој број чини 20.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**782.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 8 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Од натамошно издржување на изречената казна затвор се ослободуваат осудените лица:

1. Петров Киро Фиданчо од Скопје,
2. Исмет Иван Сејлими од Скопје,
3. Спасевски Стојан Атанас од с. Смојмирово,
4. Павловски Милорад Благоја од Скопје,
5. Ристов Стојан Бранко од Гевгелија,
6. Петрески Томе Љубен од Прилеп.

II

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 1 година на осуденото лице:

1. Лозаноски Боше Душан од Скопје, во траење од 4 месеци.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 2 години на осуденото лице:

1. Даниловска Владимир Велика од Кочани, во траење од 3 месеци.

IV

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 3 години на осуденото лице:

1. Павлевски Александар Цветко од Скопје, во траење од 5 месеци.

V

Делумно се ослободува од натамошно извршување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. Нацковски Ѓорѓи Методија од Битола, во траење од 6 месеци.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-1414
8 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**783.**

Врз основа на членот 96 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ" бр. 26/84) и членот 67 од Деловникот на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 32/82), Претседателството на СРМ на седницата одржана на 18 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА И ЗА НИВНО ИМЕНУВАЊЕ

I

Во членот 3 од Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 19/86) се врши следната измена:

1. Петар Калајџиски се разрешува од член на Советот за народна одбрана.
2. За нов член на Советот за народна одбрана се именува Димитар Николовски, член на Претседателството на ЦК СКМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-1489
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**784.**

Врз основа на член 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 18 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Во делот III, точка 2 од Одлуката за составот и именување на претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ се врши следната измена:

1. Методи Петровски се разрешува од член на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ.
2. За нов член на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ се именува Миле Шапкалиевски, член на Претседателството на ЦК СКМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-1490
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**785.**

Врз основа на член 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ на седницата одржана на 18 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА

I

Во делот III, точка 2 од Одлуката за составот и за именување на претседател и членови на Комиси-

јата за помилување на Претседателството на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 20/86) се врши следната измена:

1. Ленче Софрониевска се разрешува од член на Комисијата за помилување на Претседателството на СР Македонија.

2. За нов член на Комисијата за помилување на Претседателството на СР Македонија се именува Зирап Лимани, член на Претседателството на ЦК СКМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1491
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**786.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“, број 50/88) а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од Постојаната резерва на СР Македонија се доделуваат средства на следниве општини:

| | | |
|---|---|---|
| — Крушево | 761.000.000 | динари |
| — Кичево | 4.551.000.000 | „ |
| — Кратово | 697.000.000 | „ |
| — Д. Хисар | 681.000.000 | „ |
| — Кр. Паланка | 1.800.000.000 | „ |
| — Битола | 4.900.000.000 | „ |
| — Ресен | 4.934.000.000 | „ |
| — Гостивар | 3.180.000.000 | „ |
| — М. Брод | 821.000.000 | „ |
| — Прилеп | 2.060.000.000 | „ |
| — Куманово | 2.389.000.000 | „ |
| — Дебар | 596.000.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука на општините им се даваат во вид на позајмица, со рок на враќање до 15 февруари 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Одлуката за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија, донесена од Извршниот совет на Собранието на СРМ, број 23-2427/1 од 13. XI. 1989 година, се става вон сила.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2427/1
13 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**787.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит на Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр. 6/89, 19/89, 27/89, 31/89, 32/89, 33/89, 37/89, 41/89 и 45/89), во член 2, по точка 22 се додава нова точка 23 која гласи:

„23. набавка на лекови во износ од 10.000 мил. дин.“

Член 2

Во член 3, алинеја 1, по бројот „21“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „22“ се додаваат зборовите „и 23“.

Член 3

Во член 4, алинеја 3, по бројот „4“ се додаваат зборовите „и 23“.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2669/1
8 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**788.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на општините:

| | | |
|---|---|---|
| — Гостивар | 9.500.000.000 | динари |
| — Кавадарци | 2.590.000.000 | „ |
| — Виница | 1.220.000.000 | „ |
| — Демир Хисар | 126.000.000 | „ |
| — Крушево | 137.000.000 | „ |
| — Неготино | 1.105.000.000 | „ |
| — Радовиш | 1.790.000.000 | „ |
| — Свети Николе | 2.300.000.000 | „ |
| — Струга | 3.750.000.000 | „ |
| — Титов Велес | 8.800.000.000 | „ |
| — Штип | 6.000.000.000 | „ |
| — Кратово | 182.000.000 | „ |
| — Куманово | 826.000.000 | „ |
| — Кичево | 6.800.000.000 | „ |
| — Берово | 281.000.000 | „ |
| — Град Скопје | 37.390.000.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука на општините им се даваат со рок на враќање до 15 март 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата под точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2627/1
14 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**789.**

Врз основа на член 95-а од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80, 26/80, 18/82, 13/86 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила („Службен весник на СРМ", бр. 14/86, 10/87, 15/88, 49/88, 17/89 и 35/89) во член 2, став 1 во точката 1 бројот „45.000" се заменува со бројот „200.000", а во точка 2 бројот „5.100" се заменува со бројот „23.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 23-2589/1
21 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**790.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се доделува позајмица на општините:

| | |
|---|---|
| — Прилеп | 7.680.000.000 дин. |
| — Ресен | 4.450.000.000 дин. |

2. Средствата од точката 1 на оваа одлука на општините им се даваат со рок на враќање најдоцна до 31 март 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата од точката 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу извршните совети на собранијата на општините Прилеп и Ресен и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2743/1
21 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**791.**

Врз основа на член 34-а. став 2 од Законот за административни такси („Службен весник на СРМ", бр. 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85, 7/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИ ЗА ДОЗВОЛИ И ЗА ВИЗИ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Во Одлуката за висината на таксите за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини („Службен весник на СРМ", бр. 28/89 и 39/89), во точка 1, потточка 2 под а) износот „600.000" се заменува со износот „900.000", во потточка 2 под б) износот „150.000" се заменува со износот „300.000".

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2675/1
21 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**792.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Бонка Демирева, досегашен републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1358/2
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**793.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. За помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање се назначува Тахир Шакири, досегашен помошник на директорот на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-2408/2
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**794.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, сметано од 1. XI. 1989 година се именува Благој Михов, досегашен директор на Архивот на Македонија.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2512/2
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**795.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

1. За советник на републичкиот секретар за финансии, сметано од 6. XI. 1989 година, се назначува Вања Михајлова, досегашен извршен секретар на Претседателството на Општинскиот комитет на СКМ „Центар“ — Скопје.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2652/1
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**796.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

1. За советник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува Зора Џабирска, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2653/1
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

**797.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88). Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува од должноста советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Љупчо Наумовски, поради заминување на друга должност, заклучно до 30. XI. 1989 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2654/1
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**798.**

Врз основа на член 162 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ПЕДАГОШКИ СОВЕТ

1. За претседател на Републичкиот педагошки совет се именува д-р Симеон Гелевски, вонреден професор на Правниот факултет во Скопје.

2. Од должноста член на Републичкиот педагошки совет се разрешува д-р Симеон Гелевски, поради заминување на друга должност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2655/1
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**799.**

Врз основа на член 160 точка 16 од Законот за внатрешни работи — Пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88), републичкиот секретар за внатрешни работи донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НАДЛЕЖНИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи ,изнесуваат и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Лична карта | 15.000 динари |
| 2. | Возачка дозвола | 19.000 „ |
| 3. | Дозвола за возач на трактор | 19.000 „ |
| 4. | Возачка потврда | 19.000 „ |
| 5. | Сообраќајна дозвола за регистрирано возило (земјоделски трактор) | 19.000 „ |
| 6. | Потврда за регистрација за регистрирано возило | 19.000 „ |
| 7. | Потврда за привремена регистрација на возило | 13.000 „ |
| 8. | Дозвола за поседување и носење на оружје | 13.000 „ |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Дозвола за поседување на оружје | 13.000 „ |
| 10. | Тест за полагање возачки испит | 5.000 „ |
| 11. | Извод од матичната книга на родените за употреба во странство | 7.000 „ |
| 12. | Извод од матичната книга на венчаните за употреба во странство | 7.000 „ |
| 13. | Извод од матичната книга на умрените за употреба во странство | 7.000 „ |
| 14. | Постојана пропусница за движење и задржување на аеродром | 7.000 „ |
| 15. | Привремена пропусница за движење и задржување на аеродром | 7.000 „ |
| 16. | Пропусница за премин на Југословенско-бугарска граница во малограничен сообраќај на лица | 15.000 „ |
| 17. | Привремена дозвола за движење и престој во граничен појас | 10.000 „ |
| 18. | Постојана дозвола за движење и престој во граничен појас | 10.000 „ |
| 19. | Привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин | 10.000 „ |
| 20. | Привремена дозвола за движење и престој надвор од граничен премин | 10.000 „ |
| 21. | Постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин | 10.000 „ |
| 22. | Барање за издавање пропусница во малограничен сообраќај на лица | 10.000 „ |
| 23. | Дозвола за инструктор | 10.000 „ |

II. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 31/89).

III. Ова решение влегува во сила наредниот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 262-13017/1
11 декември 1989 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи
**Јован Трпеноски,** с. р.

---

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Врз основа на член 161 став 1 точка 15 од Статутот на Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Собранието на Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, на седницата одржана на 14 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесите за здравствена заштита на работниците од 1 декември 1989 година се утврдува на 13,6% и ќе се применува на исплатата на личните доходи за месец декември 1989 година.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита за делот од утврдената стапка во висина од 8,60% служи бруто личниот доход на вработените а разликата од 5% претворена во нето стапка од 8,56% се пресметува на чистиот личен доход од општествените дејности и 7,75% од стопанството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 декември 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците бр. 02-8864/3 од 24 октомври 1989 година објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 40/89.

Бр. 02-10733/1
14 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
прим. д-р **Ксенија Беговиќ-Груевска,** с. р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО НЕГОТИНО

Пред општинскиот суд во Неготино се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Николова Љубица против тужениот Николов Ѓорѓи.

Се повикува тужениот Николов Ѓорѓи, со непозната адреса, да се јави во овој суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или да постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен старател.

Од Општинскиот суд во Неготино, П. бр. 135/89.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Општинскиот суд во Прилеп се води постапка за поништување на чековите со сериски броеви 3606953, 3606954, 3606955, 3606956, 3606957, 3606958, 3606959, 3606960, издадени врз основа на тековната сметка на предлагачот Кокароски Димко од Прилеп, под бр. 40100-620-37-80710-15-50-05909-6 од противникот Југобанка — Основна банка — Прилеп.

Се повикуваат лицата кои што знаат нешто за горенаведените чекови, или кај кои се наоѓаат за истото да го известат Општинскиот суд во Прилеп во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“.

По истекот на огласниот рок, чековите ќе бидат поништени.

Од Општинскиот суд во Прилеп, ВПП. бр. 87/89.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО СТРУГА

Се повикува лицето Даути Абаз од с. Калишта, Струга како и секој оној кој знае за неговиот живот, да се јави на овој суд во рок од 6 месеци од објавувањето на овој оглас во „Службен лист на СФРЈ“, „Службен весник на СРМ“ и на огласната табла на судот. По истекот на овој рок, судот ќе донесе решение со кое лицето Даути Абаз од с. Калишта, Струга, ќе го прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Струга, Р. бр. 435/89.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост по основ на наследство по тужбата на тужителката Шукурије, сопруга на Рамазан Љазами од Тетово, ул. „Благоја Тоска“ бр. 284, против тужениот Назми Тефик Јусуфи од Тетово, со непозната адреса на живеење во Турција. Вредност на спорот 85.000 динари.

Се повикува Назми Тефик Јусуфи од Тетово да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или, пак, постави свој полномошник. До-

колку во овој рок тоа не го стори, ќе му се постави привремен старател од страна на судот, кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1120/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак, по тужбата на тужителот Мартиновски Илија од с. Туденце, против тужената Мартиновска Богдана која се наоѓа во СР Германија со непозната адреса.

Се повикува тужената Мартиновска Богдана да се јави во судот во рок од 15 дена, да достави точна адреса или одреди полномошник кој ќе ја застапува до правосилното окончување на постапката по овој предмет.

По истекот на овој рок, на тужената ќе ѝ биде поставен привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 2053/89.

---

Пред овој суд се води парнична постапка за утврдување на сопственост по пат на одржување по тужбата на тужителот Карапеовски Глигур од Тетово, ул. „И. Л. Рибар" бр. 151 против тужените Видојеска Стојановска Ана и Гогушевска Ана, двете со непозната адреса на живеење во НР Бугарија.

Се повикуваат тужените Видојеска Стојановска Ана и Гогушевска вд. Николова Ана, двете со непозната адреса, да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно судот ќе им постави привремен старател.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1760/89.

---

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 569 од 7 VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-2352-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето под фирма: Работна заедница на општинските самоуправни интересни заедници, Ц. О., Крива Паланка, ул. „Никола Тесла" бб.

Основачи: СИЗ за вработување — Крива Паланка, ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика — К. Паланка, ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Крива Паланка, СИЗ за становање — К. Паланка, ОСИЗ за патишта — К. Паланка, Општинска заедница на здравство и здравствено осигурување — К. Паланка, СИЗ на ПИОМ — Скопје, Основна заедница — К. Паланка и ОСИЗ за водостопанство — Крива Паланка.

Дејности: 1. организира и води сметководно-финансиски работи, во согласност со законските прописи и општите акти на општинските интересни заедници и работната заедница; 2. организира и спроведува остварување на лични и заеднички потреби и интереси на корисниците на услугите во областа на сите формирани општински интересни заедници; 3. остварува средства на ОСИЗ заради остварување на личните и заеднички потреби и интереси на корисниците на услугите; 4. организира и спроведува мерки и обезбедување услови за поквалитетни остварувања на правата на корисниците на услугите; 5. ги планира работите од самоуправно интересно работење на подрачјето на општината; 6. организира и врши внатрешна контрола на работењето на РЗ; 7. ја следи внатрешната организација на работата и истата ја усовршува и прилагодува на потребите на корисниците на услугите и за таа цел работи на усовршување на своите кадри; 8. организира проширување и развој на самоуправното интересно работење; 9. организира, подготвува и спроведува мерки од ОНО и ЦЗ за дејноста на ОСИЗ; 10. организира проширување и развој на самоуправното интересно работење; 11. води аналитички и статистички работи на ОСИЗ; 12. води судски спорови и остварува регресни побарувања; 13. ги обавува техничките и стручните работи на органите на управување на ОСИЗ; 14. разгледува и дава мислење и предлози во врска со финансиските планови, статутите и другите самоуправни општи акти на ОСИЗ; 15. врз основа на одлуките на собранијата на ОСИЗ согласно Законот и општите акти на општинските интересни заедници; 16. соработува со други РЗ на ОСИЗ во републиката и во земјата.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Благој Младеновски, в. д. секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 569/89. (274)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 227 од 26. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 144 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Работнички универзитет „Вељко Влаховиќ" — Охрид, со п. о., со следните податоци: Лице овластено за застапување е Андоновски Крсто, директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Силјаноски Љубе.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 227/89. (277)

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Чекови бр. 5448572 и од бр. 5448577 до 5448590, издадени од Стопанска банка — Штип на име Михајлов Златко, ул. „Ванчо Прке" бр. 63/4, Штип

Чекови од бр. 10806841 до 10806850 на име Шукриев Панче, ул. „22 Октомври", Радовиш. (5627)

Тековна картица бр. 40100-620-37-80710-15-50-05909-6 и чекови од бр. 3606953 до 3606960 на име Кокароски Димко, ул. „Борка Лопач" бр. 54, Прилеп.

Чековна карта бр. 01379/09 на име Борис Колев, ул. „Партизанска" бр. 60, Радовиш. (5842)

Чековна карта бр. 748/66, издадена од Стопанска банка — Кочани на име Драган Поповски, ул. „Н. Вапцаров" бр. 9, Кочани. (5641)

Чек бр. 3667315, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Стојан Арсовски, Скопје.

Чекови од бр. 3644181 до 3644190, издадени од Југобанка — Основна банка — Експозитура — Куманово на име Миливоје Пешевски, Куманово. (5705)

Чековна карта бр. 80710 15-50-11749/9, издадена од Југобанка — Скопје на име Ковачевска Лилјана, ул. „Димитар Миршчиев" бр. 3, Скопје. (5738)

Девизна штедна книшка бр. 4000-03-016275, издадена од Инвест банка — Скопје на име Велко Наумовски, Скопје. (5740)

Пасош бр. МБ 641541, издаден од СВР — Скопје на име Магбуље Алитовска, Скопје. (5841)

Тековна сметка бр. 80710-01478-09 на име Мите Митев, с. Воиславци, Радовиш. (5239)

Работна книшка на име Зоран Додевски, Куманово. (5241)

Работна книшка на име Спиро Ристовски, Куманово. (5242)

Воена книшка на име Ноти Василевски, ул. „Љупчо Ефремов" бр. 1, Штип. (5251)

Тековна сметка и чекови од бр. 6088688 до 6088690 на име Ѓорѓи Стојанов, ул. „М. Тито" бр. 116/11, Радовиш. (5255)

Чекови од бр. 10800881 до 10800890 на име Ванѓе Трпкова, Бул. „Едвард Кардељ" бр. 7/2/10, Радовиш. (5256)

Тековна карта бр. 1550116399, издадена од Југобанка — Основна банка Скопје на име Томислав Стојевски, Скопје. (5259)

Работна книшка на име Ванчо Спасовски, Куманово. (5260)

Работна книшка на име Живка Николиќ, Куманово. (5292)

Работна книшка на име Ќенан Исеин, Куманово.

Работна книшка, издадена од Крива Паланка на име Јовановски Бранко, ул. „Моша Пијаде" бр. 23, Крива Паланка. (5294)

Работна книшка на име Зорка Бизимоска, с. Јабланица, Струга. (5295)

Воена книшка на име Агим Амити, Струга

Работна книшка на име Ештреф Ала, с. Корошишта, Струга. (5297)

Работна книшка, издадена од Македонски Брод на име Матеска Миланка, с. Сланско, Македонски Брод. (5298)

Работна книшка на име Мехмет Малески, Македонски Брод. (5299)

Работна книшка на име Менсур Фидани, Гостивар. (5304)

Работна книшка на име Соња Арсова, Кочани.

Тековна сметка бр. 245/58 на име Тихомир Лазаров, ул. „Г. Делчев" бр. 2/15, Кочани. (5313)

Работна книшка на име Мирко Гијовски, Куманово. (5319)

Воена книшка на име Џезаир Муареми, с. Желино, Тетово. (5326)

Работна книшка на име Љупчо Китановски, Делчево. (5337)

Воена книшка на име Исмет Аљији, ул. „Нада Димиќ" бр. 4, Струга. (5347)

Работна книшка, издадена од Македонски Брод на име Кузмановска Драгица, с. Г. Крушје, Македонски Брод. (5348)

Воена книшка на име Фадил Мамути, с. Озормиште, Тетово. (5352)

Работна книшка на име Марушка Николова, Кочани. (5366)

Решение У. П. бр. 12-9694 од 30. XII. 1988 година за основање на дуќан за промет со алкохолни и безалкохолни пијалаци издадено од СО — Центар — Скопје на име Стефан Ивановски, Скопје. (5369)

Сервисна книшка бр. 221185, издадена од ООЗТ „Промет и сервис" Скопје — Скопје на име Филота Костов, Скопје. (5372)

Работна книшка на име Соња Николовска, Куманово. (5380)

Чековна карта бр. 1550023918, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Несрин Каролу, Скопје (5395)

Воена книшка на име Љубомир Јанев, ул. „Ванчо Николов" бр. 7, Штип. (5408)

Работна книшка на име Снежана Долевска, Кочани. (5409)

Чековна карта бр. 2416/01 и чековите од бр. 2791061 до 2791070, издадени од Љубљанска банка — Основна банка — Скопје, на име Славица Пашоска, Скопје. (5413)

Работна книшка на име Нафија Мустафова, Радовиш. (5043)

Работна книшка на име Симеуновиќ Драган, Македонски Брод. (5051)

Работна книшка на име Бузовски Мемед, н. Градско, Титов Велес. (5052)

Сообраќајна книшка, издадена од СВР — Тетово на име Јакуп Јакупи, с. Боговиње, Тетово. (5054)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Хасан Фуад, с. Челопек, Тетово. (5055)

Лична карта на име Хасан Фуад, с. Челопек, Тетово. (5056)

Работна книшка на име Даница Милеска, Берово. (5064)

Решение бр. 12-620 од 9. IV. 1989 година за изработка на предмети од пластични маси и вештачки смоли, издадено од Собрание на општина Центар — Скопје — Отсек за стопанство и труд — Скопје на име Несторовски Љубомир, Скопје. (5068)

Оружен лист издаден од СВР — Скопје на име Муаремовски Муарем, Скопје.

Работна книшка на име Сашо Стамевски, Битола. (5071)

Работна книшка на име Станка Велковска, Куманово. (5074)

Работна книшка на име Ристески Андре, с. Суводол, Македонски Брод. (5075)

Тековна карта бр. 155 0169524 и загубените чекови од бр. 3471654 до 3471660, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Радко Гошев, Скопје. (5090)

Одобрение бр. 12-6691 од 26 IX. 1988 година за вршење електромеханичарски дејности за радио и ТВ апарати, издадено од СО — Центар — Скопје на име Стефан Ќофкаров и Бранко Атанасовски, Скопје. (5092)

Работна книшка на име Зорица Андриеска, Тетово. (5109)

Работна книшка на име Зорица Домишкова, Кратово. (5115)

Воена книшка на име Зоран Стојчески ,ул. „Бл. Тоска" бр. 27-а, Тетово. (5131)

Индекс бр. 952/79, издаден од Економски факултет — Прилеп на име Зоран Стојчески, ул. „Благоја Тоска" бр. 27-а, Тетово (5132)

Воена книшка на име Гојчо Строимановски, с. Доброшани, Куманово. (5157)

Работна книшка на име Љубе Младеновски, Кратово. (5158)

Работна книшка на име Ѓорѓија Димовски, Тетово. (5169)

Чековна карта бр. 15-50-21237-6 и чекови од бр. 2749925 до 2749930, издадени од Југобанка — Експозитура — Гостивар на име Чеде Силјановски, ул. „Г. Делчев" бр. 88, Гостивар. (5174)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Гостивар на име Чеде Силјановски, ул „Г. Делчев" бр. 88, Гостивар. (5175)

Лична карта, издадена од СВР — Гостивар на име Чеде Силјановски, ул „Г. Делчев" бр. 88, Гостивар. (5176)

Работна книшка на име Горан Трајанов, Виница.

Чекови од бр. 3459301 до 3459320 и чековна карта бр. 80710-15-50-02162-4, издадени од Југобанка — Скопје на име Жарко Талески, ул. „Димитар Македонски" бр. 26, Скопје. (5186)

Работна книшка на име Ханка Зули, Гостивар.

Тековна карта бр. 00563-74 и чекови од број 7912151-7912160 на име Менга Решад, ул. „Бошко Цветковски" бр. 7, Гостивар. (5198)

Работна книшка на име Бранка Миладинова, Струга. (5205)

Работна книшка на име Крсто Спасевски, Делчево (5212)

Тековна на име Стојка Димитрова, Виница.

Работна книшка на име Димче Павловски, Радовиш. (5215)

Работна книшка на име Емилија Божиновска, Куманово. (5222)

Работна книшка на име Благе Стевковски, Куманово. (5223)

Работна книшка на име Реџеп Ајдини, Куманово.

Работна книшка на име Мирослав Велковски, Куманово. (5225)

Свидетелство за I клас гимназија, издадено од УЦСО „Јосип Броз Тито" — Ресен на име Хермина Јаневска, ул. „Јосиф Јосифовски" бр. 77, Ресен. (5226)

Работна книшка на име Јосиф Филипов, Фабрика „Борис Кидрич" — Титов Велес. (5228)

Сообраќајна дозвола бр. 131-16 на име Коко Кемали, Тетово. (5230)

Одобрение за јавен превоз бр. 15-3037-310 на име Изаир Ибиши, с. Ларце, Тетово. (5233)

Работна книшка на име Милена Аниќ, Гостивар

Работна книшка на име Славица Димитријева, Кочани. (5441)

Работна книшка на име Биљана Манасијева, Радовиш. (5442)

Тековна карта бр. 155 0216943 и загубените чекови од бр. 2926715 до 2926720, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Тодор Тодоров, Скопје. (5462)

Работна книшка на име Марјан Шандев, Куманово. (5463)

Решение УП. бр. 12-7285 од 11. VII. 1989 година за вршење угостителска дејност, издадено од СО — Центар — Скопје на име Васовски Драгољуб и Николов Ангеле, Скопје.

Тековна сметка бр. 149622 на име Здравко Ѓорѓиев, ул. „Осоговска" бр. 3, Кочани. (5515)

Свидетелства за III и IV година, издадени од УЦСО „Јосип Броз Тито" — Ресен на име Тановски К. Сотир, Ресен. (5529)

Воена книшка на име Изет Зекири, с. Урвич, Тетово. (5553)

Свидетелства за I и II година, издадени од Техничкото училиште „Наце Буѓони" — Куманово на име Ружди Феризи, с. Лопате, Куманово. (5556)

Работна книшка на име Ванчо Тошич, Штип

Работна книшка на име Илами Усеинов, Радовиш. (5569)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Милошевски Чедомир, с. Јурумлери, Скопје. (5572)

Работна книшка на име Часлав Илиевски, Куманово. (5578)

Работна книшка на име Џелал Јакупи, Куманово. (5579)

Потврда за регистрација и фактура бр. 13/9, р. бр. 26, издадени од АМС — Скопје на име Васил Митанов, Гевгелија. (5589)

Работна книшка на име Владо Завковски, Титов Велес. (5594)

Работна книшка на име Ѓорѓи Џалевски, Берово. (5602)

Работна книшка на име Петре Ефремов, Радовиш. (5604)

Сообраќајна книшка бр. 3982 098/426, број на возило Б-ЦВ-1416, издадена во Берлин на име Цане Мицески, Берлин. (5706)

Работна книшка на име Никола Донев, Виница. (5616)

Чековна карта бр. 80710-1550-116812, тековна сметка и чекови од бр. 3365478 до 3365480, издадени од Југобанка — Скопје на име Неџат Кадриу, ул. „Демир Трајков" бр. 88, Скопје. (5622)

Чековна карта бр. 15-50-28018-8 и загубените чекови од бр. 3579635 до 3579640, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Тодор Џоневски, Скопје. (5623)

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот тркалезен печат под назив: „Собрание на општина Тетово — Управа за општествени приходи — 7" се огласува за неважен. (5415)

---

Врз основа на член 76 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ" бр. 45/77, 3/83, 3/85, 42/85, 46/86, 43/87, 18/89, 28/89 и 36/89), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

Загарантираниот личен доход во Републиката за месец декември 1989 година изнесува 9.919.000 динари.

Бр. 12-7581
18 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

## СОДРЖИНА


Страна

782. Одлука за помилување на осудени лица 785
783. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивно именување — — — — — — — — — 785
784. Одлука за измена на Одлуката за составот и именување на претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СР Македонија — — 785
785. Одлука за измена на Одлуката за составот и за именување на претседател и членови на Комисијата за помилување на Претседателството на СР Македонија — — 785
786. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 786
787. Одлука за дополнување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — — — 786
788. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — — 786
789. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 786
790. Одлука за изменување на Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила — 787
791. Одлука за изменување на Одлуката за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини 787
792. Решение за именување републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — 787
793. Решение за повторно назначување помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — — 787
794. Решение за именување републички советник во Извршниот совет во Собранието на СР Македонија — — — — — — 787
795. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за финансии — — 788
796. Решение за повторно назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — — — — — — — 788
797. Решение за разрешување од должноста советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — 788
798. Решение за именување претседател и разрешување од должноста член на Републичкиот педагошки совет — — — — 788
799. Решение за цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи — — — 788


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**


372. Одлука за утврдување на стапката на придонесите за здравствена заштита на работниците за месец декември 1989 година — 789


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**